
ДЕТИЊСТВО
CHILDHOOD

ДЕТИЊСТВО
CHILDHOOD
Часопис о књижевности за децу
Година LI, бр. 3,
јесен 2025.
https://doi.org/10.46793/Childhood25.3

*Издавач*
Међународни центар
књижевности за децу
ЗМАЈЕВЕ ДЕЧЈЕ ИГРЕ
Нови Сад, Змај Јовина 26/II
Тел. (021) 66-11-266, 66-13-648
E-mail: zdigre@gmail.com
www.zmajevedecjeigre.org.rs

*За издавача*
Душица Мариновић, директорка

*Главне и одговорне уреднице*
Др Зорана Опачић
(бројеви 1 и 2)
Др Тијана Тропин
(бројеви 3 и 4)

*Секретарица редакције*
Мср Кристина Топић

*Лектура и коректура*
Светлана Зејак

*Ликовно решење корица*
Слађана Екрес

*Графичка уредница*
Весна Карајовић

*Прелом*
NEO KONS, Нови Сад

*Штампа*
AS Dizajn, Нови Сад

*Часопис излази тромесечно*
Цена овог броја: 600,00 динара
Рачун Змајевих дечјих игара:
340–11006551–47


# САДРЖАЈ


**НОВА ИСТРАЖИВАЊА**

**Мирјана Д. Бојанић Ћирковић**, Поетика *Ђачке песме* Драгана Лукића ... 7

**Зорана В. Симић**, Бат „Хансових" и љубавна идила: једно читање романа *Филип, ја и хор трешања* Гордане Брајовић ... 17

**Страхиња Д. Полић**, Постапокалиптични свет романа *Биће једном* Угљеше Шајтинца ... 32

**Бојана Д. Кулицан Громовић**, Простор у трилогији *Зеленбабини дарови, Тајна немуштог језика, Новчић судбине* Иване Нешић ... 44

**Јованка Д. Денкова**, За малите, навидум незначајни, а толку големи нешта во животот ... 56

**Тијана М. Јовановић**, *Плашт и очњаци* и проблеми превода стрипских серијала ... 69

**Ивана Р. Мијић Немет**, Српски дечји филм у 21. веку ... 80

**ИЗ СТРАНЕ ТЕОРИЈЕ**

**Линда Хачен**, Хари Потер и исповест почетнице ... 99

**АНКЕТА**

Књижевност и бунт ... 108

***IN MEMORIAM***

Градимир Стојковић (1947–2025)
**Бранкица С. Живковић**, (Не)одлазак хајдука из Мраморка ... 124


## UREĐIVAČKI ODBOR ČASOPISA „DETINJSTVO“


dr **Vladislava Gordić Petković**, redovni profesor Filozofskog fakulteta Univerziteta u Novom Sadu

dr T**amara Grujić**, profesor strukovnih studija na Visokoj školi strukovnih studija za obrazovanje vaspitača u Kikindi

dr hab. **Justyna Deszcz-Tryhubczak**, profesor nadzwyczajny, Instytut Filologii Angielskiej, Uniwersytet Wroclawski, Polska

Prof. dr. sc. **Dragica Dragun**, redovni profesor Filozofskog fakulteta Sveučilišta Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Republika Hrvatska

izv. prof. dr. sc. **Tihomir Engler**, izvanredni profesor Filozofskog fakulteta Sveučilišta Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Republika Hrvatska

Ph.D. **Eugene Y. Evasco**, Associate Professor, Department of Filipino and Philippine Literature, College of Arts and Letters, University of the Philippines-Diliman, Manila, Philippines

dr **Vanessa Joosen**, Hoofddocent Engelstalige literatuur en Jeugdliteratuur, Universiteit Antwerpen, België

dr **Mirjana Karanović**, viši stručni saradnik u Matici srpskoj u Novom Sadu

dr **Anna Kérchy**, Associate Professor at the English Department of the University of Szeged, Hungary

Prof. dr. sc. **Andrijana Kos-Lajtman**, vanredni professor Učiteljskog fakulteta (odeljenje u Čakovcu) Univerziteta u Zagrebu, Republika Hrvatska

dr **Weronika Kostecka**, adiunkt, Uniwersytet Warszawski, Instytut Literatury Polskiej, Polska

dr **Jelena Panić Maraš**, redovni profesor Fakulteta za obrazovanje učitelja i vaspitača Univerziteta u Beogradu

dr. sc. **Sanja Roić**, redovni profesor Filozofskog fakulteta Sveučilišta u Zagrebu, Republika Hrvatska

dr. **Igor Saksida**, redovni profesor Pedagoškog fakulteta Univerziteta u Ljubljani, Republika Slovenija

dr. sc. **Marijana Hameršak**, viša znanstvena suradnica Instituta za etnologiju i folkloristiku u Zagrebu Republika Hrvatska

dr **Valentina Hamović**, redovni profesor Fakulteta za obrazovanje učitelja i vaspitača Univerziteta u Beogradu

Doc. dr **Ivana Mijić Nemet**, Akademija umetnosti u Novom Sadu

Јованка Д. ДЕНКОВА*
Универзитет „Гоце Делчев"
Филолошки факултет
Штип
Република Северна Македонија

Оригинални научни рад
UDC 821.163.41-93-31.09 Petrović J.
https://doi.org/10.46793/Childhood25.3.56D
Примљен: 25. 5. 2025.
Прихваћен: 10. 7. 2025.

# ЗА МАЛИТЕ, НАВИДУМ НЕЗНАЧАЈНИ, А ТОЛКУ ГОЛЕМИ НЕШТА ВО ЖИВОТОТ

САЖЕТАК: „О дугмету и срећи" Јасмине Петровић[1] је кратка и топла прича која говори и фокусира се на детаље живота који нам доносе радост и срећу. Ова књига, иако намењена деци, садржи универзалну поруку која може допрети до читалаца свих узраста. Прича се врти око обичног дугмета које кроз разне авантуре симболизује ситнице које често занемарујемо, али имају моћ да нам живот учине срећнијим.

КЉУЧНЕ РЕЧИ: дечји роман, болесни адолесцент, Јасминка Петровић.

## РОМАНИ ЗА МЛАДИ/БОЛНИ АДОЛЕСЦЕНТИ

[1] Јасмина Петровиќ (Белград,1960) е српска писателка за деца и млади. За својата работа неколку пати е наградувана. Таа е позната по своите книги за деца и млади, кои се карактеризираат со хумор, емпатија и одлично разбирање на младешкиот свет. Родена е во Белград, каде што и живее и работи. Завршила студии по српска книжевност и јазик на Филолошкиот факултет во Белград. Нејзините книги (Училиште, Секс за почетници, Бонтон, Како да станете и да останете глупави, Ова е најстрашниот ден во мојот живот, Сакам дома) се преведени на речиси триесет јазици. Студирала шпански јазик и литература. Таа била уредник на тинејџерско шоу, пишувала за многу списанија (Тик-Так, Големиот двор, Детски права и други). Учествувала во различни програми и проекти кои ги поттикнуваат децата и младите на читање, креативност, критичко размислување и толеранција. Јасмина Петровиќ пишува за деца од 1990 година, а досега има напишано повеќе од триесет книги за деца и млади. Нејзините книги се преведени на повеќе од триесет јазици, а некои од нив се драматизирани во детските театри во земјата и странство. Книгите на Јасмина Петровиќ двапати беа меѓу 200-те најдобри книги за деца во светот во изборот на списанието „*White Raven*"( „Белиот гавран" ) на Меѓународна библиотека за млади (*Internationale Jugendbibliothek*) во Минхен 2016 година. Продуцентката Јована Караулиќ собрала одлична филмска екипа која одлучила по мотивите на книгата „*За копчето и за среќата*" го сними филмот „*Ловци на вештерки*". Филмот добил многубројни награди: прогласен е за најдобар филм на фестивалите во Торонто, Херцег Нови и Харков.

Меѓутоа, копчето е само еден повод за авторот да проговори за една мошне сериозна тема, за темата на болестите во книжевноста за деца. Преку болеста мултиплекс склероза, од која боледува главниот протагонист Јован, авторката проговорува за третманот на децата/младите кои боледуваат од оваа или други болести, во рамките на семејството, меѓу врсниците во училиштето, на улицата, за односот на возрасните кон нивната појава, а пред сѐ, проговорува за самите нив, за начинот на кој се гледаат себеси, како реагираат на туѓите реакции, а најмногу – откако ќе се соочат со својата состојба, како да ги надминат „границите“ и ограничувањата кои им ги наметнува самата болест, општеството, околината... Ликовите во книгата „За копчето и за среќата“, иако на прв поглед се едноставни, сепак ни пренесуваат слоевити пораки преку кои авторката ја пренесува длабочината на темите за среќата, емпатијата и важноста на малите нешта во животот.

Оттука, сосема оправдано е укажувањето на професионалци дека многу важно за децата е да учат за болестите или пречките во развојот преку наставните курикулуми и со тек на времето кога децата ќе имаат можност да комуницираат или да бидат во исто одделение/клас со некој кој е со болест/пречка/недостаток, да имаат некакви предзнаења и разбирање (Blaska 2004). Blaska, која изведува дури и десет критериуми според кои треба да се раководат писателите кои пишуваат на оваа тема, укажува дека на книгите за деца со вакви ликови, не треба да се претендира на болеста на ликот како негова главна особина, туку акцентот да биде ставен на неговата сила. Или, како што истакнуваат Дичес и Прејтер, овие лица да не бидат прикажани како предмет на грижа, туку и како на некој кој придонесува за општеството (Dyches, Prater 2005: 202-216).

Според Смит-Дарецо, во училиштето на учениците треба да им се претствуваат ликови на деца со недостаоци/болести во кои на овие деца се гледа како на некој кој читателите би сакале да го запознаат или да бидат пријатели. Односно, овие ликови треба да бидат портретирани во едно позитивно светло, што не значи дека тие не треба да се портретираат реалистично, вклучувајќи ги сите нивни мани (Smith-D’Arezzo 2003: 75-94).

Бидејќи романот припаѓа на категоријата означена како "Sick-lit", треба да се истакне дека под овој поим се дефинираат романите кои зборуваат за комплексни прашања поврзани со смртта и некоја болест, како ракот, нарушувања во исхраната, депресијата и многу други

важни прашања важни за модерното општество. Преземајќи ги оние по малку темни страни од книжевноста за возрасни, книгите наменети за адолесцентите не ги разубавуваат ситуациите и се обидуваат да ги прикажат силните, автентични моменти на растењето, но тинејџерите во потполност се свесни за насилството, конфликтите, одбивањето и тагата. Реалистичната проза ги одразува токму овие впечатливи моменти. Сето тоа укажува дека целната публика – младите читатели – овој пат за старосна граница има дури 25 години, што е возраст кога човечкиот мозок ја достигнува својата зрелост.

Во денешното современо општество, има една континуирана дебата за потенцијалните негативни влијанија кои им се лесно достапни за читање на помладите генерации. Иако влијанието на визуелните медиуми и социјалните мрежи внимателно се проучува во последниве години, се чини дека појавата на жанрот во адолесцентската литература, познат и како ‘sick-lit’, како да зазема централно место.

Портретирајќи мрачни, но сепак реалистични приказни, во контекст на адолесцентска ментална или физичка болест, овие романи откриваат детали за младешките искуства за самоповредување, депресија, болест или смртоносна болест (Nagy, 2013).

## „КОПЧЕ“ – ПРИЈАТЕЛ КОЈ ПОУЧУВА НА ХРАБРОСТ, ЉУБОВ, БЛАГОДАРНОСТ, ЕМПАТИЈА

Приказната на Јасминка Петровиќ е симболична и хумористична, истовремено носејќи поучни пораки за тоа како малите, навидум незначајни нешта можат да бидат избор на голема радост и животна мудрост. Главниот лик учи како да се сака самиот себе си таков каков што е, да ја цени вредноста на моментите, луѓето, пријателите и малите нешта околу себе. Книгата е напишана со едноставен, но полн со чувства јазик, што ја прави привлечна и лесна за читање.

Во книгата се среќаваме со неколку клучни ликови: детето Јован, преку чија перспектива ја доживуваме моќта на оваа книга и кое е сопственик на копчето, Милица и нејзиното трауматично детство, Кобра и др. Преку главниот протагонист Јован, авторката Јасминка Петровиќ, ја прикажува детската наивност, љубопитност и способност да пронајде радост во секојдневните нешта. Јован носи една свежа перспектива за животот и преку детскиот поглед, авторката ги охрабрува читателите да се навратат на она што е

навистина важно во животот. Копчето е централниот симбол и невидливиот лик, кој иако е нежив предмет, сепак во приказната има активна улога и го доживуваме како „лик“ со своја судбина. Копчето ги поврзува другите ликови и се создаваат приказни заедно со нив. Преку неговото патување, Јасмина Петровиќ ни ја нагласува моќта на малите нешта што често се занемаруваат. Неговата симболика лежи во тоа што претставува нешто обично, но истовремено неопходно и тоа како малите моменти ја градат нашата среќа.

Композициски гледано, книгата е поделена на четири дела: Прво полугодие, четврто одделение; Второ полугодие, четврто одделение; Прво полугодие, петто одделение, и Второ полугодие, петто одделение. Значи, дејството се одвива во тек на четири полугодија или две училишни години, што ни ја дава и возраста на протагонистот Јован (11-12 години).

Книгата започнува со реченицата: „Некои луѓе баш немаат среќа! Еве, на пример, јас. Наместо да се родам како фудбалер, пилот или пијанист, се родив како лице со инвалидитет. Така за мене велат лекарите и психолозите затоа што боледувам од еден вид парализа“ (Петровиќ 2022: 7). Токму оваа секвенца ја одредува атмосферата во првиот дел од книгата, а тоа е дел во кој Јован ни се самопретставува, зборувајќи со мрачни тонови за себе, својата болест, за односот на соучениците кон него, за односот на возрасните и нивните реакции на неговата појава. На тој начин, тој отворено проговорува за третманот на лицата со церебрална парализа во средината во која живеат, работат...

Со оваа наративна секвенца ни се разоткрива и главната идеја на романот, но и авторовата замисла да проговори за некои теми, за кои се говори малку или, пак, претпазливо во книжевноста за деца. Иако неговото име е Јован, децата го нарекувале со разни навредливи прекари: „Моето име е Јован, ама децата ме нарекуваат – Муто, Ќопле, Ќорле, Тегла, Трупчо, Тапчо, Глупчо и слично“ (Петровиќ 2022: 7). Но, она што е интересно за Јован, е што тој не се повлекува пред навредите и не им останува должен на децата, возвраќајќи им на навредите, па со тек на време, тие сфатиле дека треба да го променат односот кон него: „Сега е многу полесно. Се навикнавме едни на други. Дури некои деца ме викаат и на родендени....Ама мене ми е ужасно досадно на тие родендени. Има премногу врева и премногу деца. Тогаш најчесто седам во некое ќоше и гледам како другите лудуваат. Кај мене доаѓаат само ако треба нешто да им чувам...Јас на тие родендени изгледам како некоја баба. Ужас!“ (Петровиќ 2022: 7-8). Инклузивното

образование го поттикнува прифаќањето на децата со попреченост од страна на нивните врсници кои немаат попреченост и може да донесе социјални придобивки за сите ученици. Негативните ставови на врсниците најчесто се сметаат за главна пречка за целосно социјално вклучување на учениците со попреченост во училиштата (McDougall, DeWit, King & Miller 2004). Затоа, важно е да се промовираат позитивни ставови кон овие деца и да се може да се измерат ефектите од интервенциите дизајнирани да поттикнат промена на ставовите (Vignes, Coley, Grandjean, Godeau & Arnaud 2008). Концептуално, се смета дека ставовите се повеќедимензионални и составени од афективни, бихејвиорални и когнитивни компоненти. Афективната компонента се однесува на чувствата и емоционалните реакции, бихејвиоралната компонента се однесува на вистинското или наменетото однесување, а когнитивната компонента ги одразува верувањата и знаењето (Eagly 1993).

Но, Јован не го мачи само односот на врсниците кон него, туку особено го иритира односот на возрасните кон неговата појава и состојба: „Кога ќе ме сретнат на улица, ме заобиколуваат во широк лак, па се вртат на другата страна. Понекогаш се подбуцнуваат, шепотат, ме загледуваат, вртат со главата. За некои сум чуден, за некои страшен. Постојат и такви што тажно воздивнуваат и мрморат *кутриот*. Тие најмногу ме нервираат. Затоа најрадо си останувам во својата соба, сам“ (Петровиќ 2022: 8). Многу студии говорат во прилог на фактот дека децата кои имаат широк контакт или избрана врска со врсниците со попреченост може да развијат поголемо разбирање и чувствителност кон тие врсници и, според тоа, да ги перцепираат попозитивно (Vignes, Godeau, Sentenac, Coley, Navarro, Grandjean & Arnaud 2009).

Наодите од многубројни студии даваат докази дека и покрај напорите на општеството за промовирање на социјална инклузија, децата со попреченост продолжуваат да пријавуваат дека се чувствуваат осамено и исклучено, имаат ограничен контакт со социјалниот свет надвор од домот и се соочуваат со системски бариери (на пр., малтретирање, дискриминација). Тие, исто така, пријавуваат дека ја доживуваат поддршката како непожелна, особено кога истата е поврзана со чувство на зависност и стигматизација. Всушност, децата со попреченост пријавуваат дека токму поддршката што се воведува за да се зголеми нивното чувство на инклузија всушност може да стане пречка за стекнување пријатели или учество во преферирани активности, со што се

создаваат значителни несакани последици, вклучително и негативно влијание врз благосостојбата и чувството за себе на децата. Овие сознанија ја покажуваат критичната потреба да се оцени имплементацијата на таквата поддршка што, иако е добронамерна, можеби нема позитивно да влијае на перцепираната социјална инклузија кај децата со попреченост (Woodgate, Gonzalez, Demczuk, Snow, Barriage & Kirk 2020). Новите сознанија генерирани од ова истражување покажуваат дека согледаното влијание на попреченоста врз семејството и воочената поддршка и бариери на животната средина, исто така, го предвидуваат квалитетот на животот поврзан со физичкото здравје. Од перспектива на клиничките услуги и политиките, познавањето на оваа врска укажува на потенцијалната важност од обезбедување поддршка на родителите и справување со бариерите од околината (Law, Hanna, Anaby, Kertoy, King & Xu 2014).

Односот родител/дете е силно поврзан со благосостојбата на адолесцентите. Визијата на родителите за иднината на своите деца е дека тие ќе пораснат, ќе се иселат и ќе развијат свој живот. Сепак, имањето дете со попреченост може сериозно да ја загрози оваа визија. Иако семејствата може да бидат во можност да се прилагодат, да изградат отпорност и да развијат поголем емоционален раст и заедништво како резултат на попреченоста, тие исто така може да доживеат постојан стрес додека се движат низ животните циклуси на сопствениот развој и развојот на нивното дете (Peterson 2004).

Односот на возрасните кон него особено експлицитно го прикажува во случајот кога додека мајка му пазарува, тој од умор, не можејќи веќе да шета низ продавниците, седнува да одмори пред една продавница: „И додека така седев пред продавницата и ја чекав мама, една жена ми стави во скутот. Ми дојде да ја гаѓам со парите и да почнам да врескам среде улица: - Па јас не сум  просјак, Јас сум Јован!“ - (Петровиќ 2022: 9). Сожалувањето со кое се соочува во очите на другите, бескрајно го иритира Јован и придонесува за зголемување на неговата несигурност: „Така е тоа кај мене. Кога ќе се збунам, ќе се засрамам или ќе се исплашам, само се смрзнувам, а дури подоцна ќе се сетам што сѐ сум можел да кажам и да направам... Којзнае, можеби и јас еден ден од поток ќе станам река, и тоа некоја голема река која никогаш нема да смрзнува. Којзнае. Можеби.“ (Петровиќ 2022: 10). Самоидентификацијата како „смрзната река“, сосема веродостојно ни ја отсликува психолошката состојба на Јован и неговата ниска самодоверба.

Во романот се третира и темата на смртта преку загубата на саканиот дедо, со кој Јован бил особено поврзан: „Крстен сум по дедо ми. Ние двајцата можеме да разговараме со часови, и тоа на различни теми. ...Возрасните обично ме потпрашуваат нешто многу здодевно, како на пример: „ - Како беше на училиште? Само дедо ме прашуваше: - Јоване, што ќе правиш за време на распустот?“ (Петровиќ 2022: 12). Токму таквиот однос на дедото кон внукот, ги приближило нив двајца, па особено тешко му паѓа неговата смрт. Во својата студија во која се обидуваат да ги детектираат клучните точки околу кои најмногу се доближуваат внуците со бабите/дедовците, Сморти и соработниците, даваат прецизни заклучоци во однос на прашањето за заедничките активности на децата со бабите/дедовците. Имено, тие дошле до заклучок дека од причина што бабите и дедовците немаат одговорност за едукација на своите внуци, нивната меѓусебна врска е порелаксирана и тие се потолерантни за разлика од родителите. Од причина што постарите немаат толкав притисок за својата иднина, тие се порасположени да уживаат во сегашноста и да ги ценат задоволствата на секојдневието, меѓу кои е и грижата за внуците (Smorti, Tschiesner & Farneti 2012). Зборувајќи за улогата на постарите како едукатори, Мухамед Јусуф ја потенцира нивната улога како едукатори за физичкото здравје, но и за културното и ментално здравје на внуците. Имено, тие преку комуникацијата со децата која ја остваруваат и преку раскажувањето на приказни, од една страна можат да им помогнат на децата во учењето, а од друга страна да ги запознаат со предците, културата и религијата. При оваа едукативна мисија, постарите како да ги надминуваат негативните искуства, зашто се во последната етапа од животот, па тие можат да ги заштитат внуците од лоши влијанија и однесување, да придонесат за развој на нивните социјални вештини со активности во слободното време (Yusuf 2014). Се разбира, не треба да се занемари и фактот дека тие поседуваат домашни вештини, што младите (родителите на децата или самите деца) ги немаат. Но, освен во улога на бебиситери, бабите и дедовците често се и пријатели на внуците (Constant 1977). Како што потенцира Хелен Констант, бидејќи се блиски со внуците, но ја немаат улогата на авторитативно родителство, бабите и дедовците често се во улога на некој на кого внуците му се доверуваат во оние ситуации кога детето не сака да му се довери на родителот. Тие, исто така, честопати знаат многу повеќе за семејната или националната историја, па се јавуваат и во улога на едукатори на внуците.

Од контекстот во книгата, читателот осознава дека во исто време кога Јован е на операција на ногата во болница, доживува уште еден тежок удар на судбината - го губи и саканиот дедо: „Ми беше грозно. Тоа е она чувство кога на човек не му е до ништо и до никого, а најмалку до самиот себе.“ (Петровиќ 2022: 11).

Тогаш во своите пижами, Јован пронашол – копче. Навидум сосема обично копче, бело по боја, кое за кратко се метаморфозира/антропомофозира: „Кога малку подобро се загледав во него, имав што да видам. Двете горни дупки се претворија во очи, а двете долни дупки во уста. Копчето ме гледаше. Ме гледаше и се смееше“ (Петровиќ 2022: 12). Моментот на интерференција на елементот на чудесното во романот стартува со оживотворувањето на копчето. По запознавањето, Јован му се доверува на копчето за дедо му, по што сфаќа дека и во друштво на копчето се чувствува убаво: „Веднаш ми се допадна. Беше радосно и стрпливо, а мене токму тоа ми беше потребно. Околу мене речиси сите имаа загрижени лица и слаби нерви. Единствено копчето, односно Копче, беше насмеано и опуштено. ...Имав доверба во него и му реков сѐ што ми лежеше на душата“ (Петровиќ 2022: 12-13).. И токму копчето е тоа кое ќе го советува: „Јоване, тоа што ми го раскажа сега, запиши го во тетратка!“ (Петровиќ 2022: 13). На иницијатива на Копче, иако имал тешкотии со пишувањето, Јован почнува да си ја „излева“ душата на хартија, соочувајќи се на тој начин со сѐ што го мачи. Тоа му станало навика, но и многу полесно се чувствувал кога ќе го направел тоа. Тој со текот на времето го извежбал и пишувањето, научил како се држи моливот и како се пишува. Но, Копчето ја развива и емпатијата кај Јован, кој кога Копчето не се чувствувало добро, па тој измислувал нонсенсни зборови само за да го орасположи – ѓоноѕвер, тавотес, љибомиц, па дури напишал и хумористична  смешна песна, со наслов „Од коза до кекс“. Со помош на пишувањето, Јован кај себе ја поттикнува креативноста и самодовербата, а ја надминува несигурноста. Како што се истакнува во одредени студии, за ликовите кои по дефиниција доживеале ранливост и тешки и честопати неправедни околности што би можеле да предизвикаат сочувство кај читателот, најпривлечните особини се оние што се поврзуваат со попреченоста, но не се фокусираат директно на неа, што ја претставуваат желбата да се надмине предизвикот што го поставува попреченоста и што ги користат силните страни на ликот за да се соочат со проблем што е поуниверзален од попреченоста (Miller-Lachmann 2014).

Неговото пишување довело и до промени во неговото однесување, што не поинало незабележано од учителката која почесто го фалела пред цело одделение за  неговите интересни состави, богатата фантазија и убавиот ракопис. Пофалбите и почитта која почнал да ги добива во училиштето ќе влијаат позитивно на Јован. Овој момент ни ги открива и односите во семејството на Јован, во кое тој е единствено дете. Додека мајката посветено и секојдневно го носи Јован на неопходните вежби за неговото здравје, и покрај негодувањето на Јован, таткото е постојано зафатен и нерасположен. Додека мајка му континуирано го охрабрува, отсуствува  збор на поддршка од страна на таткото, која на Јован толку очигледно му е потребна: „Таа вечер тато дојде доцна од работа, беше изморен и нерасположен, па нему не му беше до ништо, а најмалку до мојот ракопис" (Петровиќ 2022: 19). Со помош на „пријателството" со Копче, Јован почнува да се менува на подобро,  секаде да стигнува на навреме, па дури и на терпија. Но, во тој период Јован почнува да го мачи и проблемот со отсуството на вистински пријател: „Откако знам за себе, мечтаам за тоа да имам пријател. Кога бевме мали, замислував како си играм со него и како разменуваме играчки. Денес замислувам како седиме и разговараме. Пријателот секогаш ти посакува добро. Кога не умееш да правиш нешто, тој ти помага. Ги чува твоите тајни. Ако некој те зафркава или те напаѓа, веднаш застанува на твоја страна и тебе ти е полесно" (Петровиќ 2022: 18). Оваа наративна секвенца говори за процесот на растење на Јован и неговиот влез во адолесценцијата, особено и заради тоа што почнуваат да размислува и за сопствениот изглед и симпатиите: „Можеби еден ден ќе се вљубам, ама кој ќе се вљуби во мене? Која?! Никој! Мене ми е тешко да најдам и пријател, а камоли симпатија" (18). Во одредени кризни моменти, кај Јован се појавува поголема свесност за сопствениот изглед. Тој е многу свесен за својот изглед, но не сфаќа како другите луѓе не гледаат нешто убаво во него. Особено му импонира неговата докторка која со своите комплименти го усреќува и кога не е расположен: „Кога и да отидам на контрола кај докторката Симоновиќ, таа вели: „Вакви убави трепки не сум видела во животот! И што да правам, морам да се насмеам. Дури и кога не сум расположен" (Петровиќ 2022: 11).

Проблемот со немањето пријател, на Јован дејствува уште посилно заради тоа што е жртва на врсничко насилство од момчето со прекар Кобра: „Ужасно се однесува. Ги малтретира сите по ред...Неколку пати задоцнив на час затоа што чекав Кобра да се тргне од влезот во училиштето" (Петровиќ 2022: 19).

Со ова авторката ја актуелизира и темата на врсничкото насилство. Од посочената наративна секвенца, евидентно е дека насилството е врз сите во училиштето, а насилникот е завршен ученик. Малтретирањето е форма на агресија во која едно или повеќе деца постојано и намерно заплашуваат, малтретираат или физички повредуваат жртва која се смета за неспособна да се одбрани. Клучните аспекти на оваа дефиниција се: 1) повторување со текот на времето и 2) асиметричен, принуден однос на моќ. Жртвите се перцепираат себеси како послаби од насилниците и чувствуваат дека не можат да возвратат. Примери за малтретирање вклучуваат навредување, физичко повредување, закани, гласини, социјално изолирање и постојано одземање на нечии работи (Glew, Rivara & Feudtner 2000).

Но, со помош на храброста која му ја дава Копче додека го држи во рака, Јован го сменил односот кон насилникот: Вториот дел од романот го опфаќа второто полугодие од четврто одделение, кога во животот на Јован ќе се појави Милица: „„Таа не само што има убави трепки, туку има и убави очи, и коса, и заби, и нос и раце, и нозе, и сè. Толку е убава што не можам да ја гледам. Како што човек не може да гледа во сонцето со голо око“ (Петровиќ 2022: 25). На повидок е првата симпатија, како претходница на првата љубов кај Јован, што се гледа и во неговата несигурност: „Цела зима смислував што да ја прашам и не смислив ништо паметно. А потоа дојде пролет. Ја сретнав пред мојата зграда...Најрадо би гледал во неа, ама не смеев. Што ако забележи дека ми се допаѓа? И тогаш ...сосема случајно...во еден миг...Милица ме допре со раката. За малку ќе се струполев на земја. Како да сум доживеал струен удар. Едвај дојдов дома, толку се тресев“ (Петровиќ 2022: 25-26).

Во својата студија „Трите фази на адолесценцијата“, Дејвид Берет говори токму за карактеристиките на овие три етапи во животот на младиот човек. Иако во книгата на Јасминка Петровиќ директно не е посочена возраста на јунаците (Јован, Милица и др.), сепак од контекстот се насетува дека тие се основци, со што би можеле да ги категоризираме во периодот на раната адолесценција, или она што Берет го нарекува „период на припаѓање“. Потребата за припадност се покажува на неколку начини. Прво, возраста од 11-13 години е период на врвна усогласеност со врсниците. Второ, во раната адолесценција детските пријателства се толку моќни што чувството за идентитет на детето е тесно поврзано со идентитетот на неговиот или нејзиниот најдобар

пријател. Трето, моралното расудување на децата ја одразува потребата за одобрување од родителите и врсниците. Конечно, повторно се појавуваат нарушувања на одвојувањето, вклучително и анксиозно растројство на одвојување (на пример, училишна фобија) (Berrett, 1996). Проучувачите на оваа проблематика даваат три генерални типови на објаснувања за посебното значење на раните адолесцентни пријателства. Прво, адолесценцијата традиционално се дефинира како почеток на пубертетот. Биолошките промени поврзани со пубертетот може да бидат вознемирувачки/стресни за адолесцентите; тие може да се обратат кај пријатели за помош за разбирање и прилагодување. Второ, блиските пријатели и другите врсници стануваат примарни партнери во социјалните интеракции на адолесцентите. Според нивните сопствени извештаи, адолесцентите поминуваат повеќе време разговарајќи со врсниците отколку во која било друга активност; тие се опишуваат и себеси како најсреќни кога разговарате со врсниците. Покрај тоа, пријателствата може да имаат важно влијание врз развојот на адолесцентите поради нивните формални или структурни карактеристики. За разлика од хиерархискиот однос меѓу родителите и нивните деца, пријателството е егалитарна врска. Затоа, интеракциите со пријателите можат да послужат како основа за егалитарни односи со колегите, соседите или сопружниците во зрелоста (Berndt 1982). Трето, когнитивните способности продолжуваат да се развиваат во текот на адолесценцијата. Адолесцентите стекнуваат нова свест за себе и за сопствениот идентитет, се здобиваат со пософистицирано разбирање на другите луѓе и настаните и поголема вештина во логичката анализа на идеолошките позиции и социјалната институција (Hill & Palmquist 1978). Генерално, во овие истражувања се потенцираат четири карактеристики на пријателството: интимноста на разговорите на пријателите и нивното меѓусебно познавање, нивниот одговор на потребите и желбите едни на други, степенот на сличност или комплементарност помеѓу пријателите и стабилноста на пријателствата со тек на времето (Berndt 1996). Истражувањата, исто така, покажуваат дека пријателите можат да влијаат едни на други во позитивна или негативна насока, бидејќи тие се појавуваат во време кога треба да се „пополни“ јазот кој настанува заради намалената, редуцирана комуникација со родителите (Youniss & Haynie 1992). Се верува дека раните романтични искуства играат централна улога во развојот на самоидентитетот на адолесцентот и капацитетот за интимност и се основа за развој на здрава личност и здраво меѓучовечко

однесување (Montgomery & Sorell 1998). По средбата со Милица, Јован почнал да се преиспитува:

„Зошто баш јас сум добил вакво тело? Зошто? Не сакам веќе да пишувам! Не сакам компјутер! Не сакам да одам во школо! Не сакам да ја гледам Милица! Не сакам ништо! Ништо не ми треба!Сакам само друго тело! Сакам вистински пријател, а не ова глупаво копче“ (Петровиќ 2022: 26). Во знак на револт, Јован, плачејќи го фрла копчето низ прозорецот.

Многубројни студии говорат за кризите во животот на болните деца/адолесценти, што се одразува врз целокупниот квалитет на живот на семејството (Chen, Cohen, Kasen, Johnson, Berenson & Gordon 2006). И покрај убедувањата и вниманието на родителите, Јован три дена не отишол на училиште. Ова е пресвртната точка кај него, кога сфаќа дека му фали неговиот „пријател“ – Копче, па почнува да го бара: „ - Што ако никогаш не го најдам?“ –Јован пропелтечил „ - Како ќе живеам без Копче? Како?“ – Јован „ - Не грижи се!“ – мирно рекла Милица и почнала да ги кине копчињата од својата облека. (Петровиќ 2022: 28). Во тој миг, започнува неговиот пресврт, кога сфаќа дека Милица постепено станува негов вистински пријател: „И да ја скратам приказната, тој ден изгубив стар пријател, но стекнав нова пријателка. Бев многу збунет. Како кога истовремено свети сонце и паѓа дожд, па не знаеш дали да се смееш или да плачеш...Откако знам за себе, знам и за несреќа. Ама благодарение на Милица, дознав и што е тоа среќа. Тоа е она чувство кога сакаш што си ти токму ти, а не некојси друг“ (Петровиќ 2022: 28-29). Милица е воодушевена и од неговите приказни и го поттикнува и понатаму да продолжи да пишува, но со него ја споделува и својата мака –дека нејзините родители се разведуваат со што авторката Јасминка Петровиќ воведува уште една деликатна тема во оваа книга – темата на разводот и неговото влијание врз децата/адолесцентите.

Истражувањата на овој момент, сугерираат дека романтичните раскинувања, слично како загубите по смртта или разводот, може да доведат до симптоми на жалост, вклучувајќи мрачни мисли, тешкотии во контролирањето на мрачните мисли, несоница, како и синдром на „скршено срце“ и компромитирана имунолошка функција (Field, 2011). Несомнено, тој значаен настан во животот на семејството се одразува посебно врз децата и адолесцентите и нивниот понатамошен емоционално-когнитивен развој. Сепак, истражувањата покажале дека девојките во поголема мера пријавуваат

трајни симптоми на анксиозност и депресија поврзани со разводот на родителите отколку кај момчињата. Или можеби таквата родова разлика не била присутна во претходните развојни фази, туку се појавила во адолесценцијата? Претходните истражувања и теорија, исто така, укажале на повеќе депресивно расположение кај адолесцентните девојчиња отколку кај момчињата адолесценти во врска со различни видови и животни настани, но и влијание врз интимноста и посветеноста во идните романтични врски во животот (Størksen, Røysamb, Holmen& T.Tambs 2006). Како една од најчестите последици кои се јавуваат кај адолесцентите по разводот на родителите, се јавува ниската самодоверба која се надминува со тек на времето (Barber & Eccles 1992). Токму во тие мигови е важно детето/ адолесцентот да се почувствува сакано и поддржано и од двајцата родители.

Втората целина завршува со првото љубовно разочарување на Јован, со тајната која со него ја споделува Милица како со најдобар другар - дека има симпатија, но тоа не е Јован, туку момчето Марко. Разочараноста кај Јован ќе го инспирира да ја напише првата песна, која ја нарекол „Ама не сум“.

Првото полугодие од петто одделение го опфаќа третиот дел од книгата, во кој се следи растењето и созревањето на Јован. Имено, по завршувањето на летниот распуст, ја гледаме нестрпливоста на Јован да ја види Милица, за која сè уште има романтични чувства, иако таа веќе била вљубена во друго момче –Душан. : „Морам да признам дека тој Душан ми е одвратен. Како прво, ми ја грабна Милица, а како второ, сака да се прослави на сметка на мојата несреќа“ (Петровиќ 2022: 44). Во оваа целина, евидентна е емоционалната зрелост кај Јован, затоа што почнува да ја сфаќа тешката ситуација во која се наоѓа Милица, која е среде разводот на родителите, па затоа секој ден се обидувал да ја расположи. Во тој момент, ќе се сети како да ѝ покаже дека не е сама, и дека тој е покрај неа: „И што направив јас? Ги скинав сите мои копчиња и ѝ г дадов на Милица. И таа се насмеа. Исто така и таа мене еднаш ме развесели, кога ми беше тешко. Но, еднаш. Јас заради неа секој ден кинев копчиња. Тоа нè веселеше и мене и неа. Се кикотевме како некои дечишта. И ни беше супер. Единствено мајка ми полуде“ (Петровиќ 2022: 40). Овој негов гест на внимание кон Милица, ќе придонесе мајка му да го промени својот став кон него, зашто сфаќа дека тој емоционално расте и сочувствува со другите: „Морам да признам дека не сфатив баш дали мама во тој миг беше тажна или весела...Но, од тој ден мама престана да ме вика Јоцо, Јовица, Јове, Јоле и слично. Почна да ме вика Јоване и јас

бев пресреќен поради тоа. Луѓе, немате поим колку си го сакам името“ (Петровиќ 2022: 41).

Исто така, сочувствителноста на Јован е евидентна и во односот кон родителите, затоа што тој почнува да сфаќа низ што поминуваат тие заради неговата состојба, и кои жртви ги направиле во животот, особено неговата мајка: „До моето раѓање мама била современа уметница, а по моето раѓање станала современа мајка. Веќе не прави уметнички дела за галериите. Сега ги украсува паноата во училиштето...“ (Петровиќ 2022: 21); затоа, Јован чувствува и одредена доза на грижа на совест, што се гледа од следниов нивни дијалог:

> „Жал ми е, ама не можам да дојдам на отворањето на твојата изложба. Знаеш, морам да го носам Јован на вежбање...Нема шанси, тој е сега во пубертет, расте, мора да вежба секој ден...Нема кој друг да го носи, сама сум..На пат е, се враќа дури за една недела...
>
> Кога мама заврши со разговорот, ѝ реков: - Јас сум виновен што веќе не си уметница. Подобро да не сум се родил. На сите би им било полесно. Особено мене.
>
> - Не знам за тебе, ама јас сакам што се роди. И те сакам баш таков каков што си“ (Петровиќ 2022: 57)

Спроведените истражувања од многубројните студии на оваа проблематика, укажуваат дека болеста на детето во семејството не е ретка работа. Таа секогаш е длабоко емоционално искуство за сите членови на семејството. Болестите на децата можат да бидат од различна природа: хронични физички болести или развојни нарушувања, со комплексен интелектуален дефект. Во секој одделен случај постојат индивидуални односи помеѓу мајката и детето. Ова е долга и болна ментална борба на родителите со себе: тие мора да го прифатат или отфрлат она што се случило. Мајката е таа што нормално зема поголем дел од воспитувањето на детето, го носи целиот морален товар на неговиот третман и адаптација во општеството, образованието и воспитанието воопшто. Но, многу важен дел е поддршката од сопругот (таткото), како и од општеството (Ruslyakova & Lyzlova 2017). Во тие мигови, исто така, многу е важен начинот на кој семејството ќе се справи со болеста на детето, но и со неговите емоции. Круцијално во тие мигови, е отворено да се разговара со останатите членови на семејството (браќа и сестри), а особено отворено да се разговара со детето и отвореното изразување на емоциите во врска со

болеста (Canam 1987). Токму во горенаведениот цитат ја гледаме емоционалната поврзаност на мајката и болниот син, а особено моментот кога таа сфаќа дека тој созреал, ги надминал сопствените бариери кои дотогаш го блокираа во односите со другите, ја сфатил сопствената ситуација, но, и покрај тоа, нашол сила да им помага на другите.

Во овој дел, Јован ја проицира својата емоционална зрелост и во односот кон насилникот со прекар Кобра. Во нивното директно соочување, кога сфаќа дека му го нема Копче во џебот за да му даде храброст, Јован одбива да му ги даде своите пари на насилникот:

„- Не давам затоа што штедам за тетоважа! – во истиот миг смислив одговор.

- Што ќе истетовираш ти, несреќо, жити сѐ?! – Кобра умираше од смеење.
- На оваа рака ќе истетовирам патерици, а на оваа инвалидска количка – за разлика од телото, гласот не ми трепереше. Ни малку.

Кобра толку се смееше што цело време удираше со рацете во ѕидот.

- Не памтам кога сум се смеел олку! – рече Кобра држејќи се за стомакот. – ајде сега, гитла....Ќопле, и да знаеш, ако некој те задева, одма да ми кажеш, јасно?!“ (Петровиќ 2022: 46-47).

Иако неговата храброст ќе биде причина за шега кај насилникот, сепак Јован сам се изборува за себе, надминувајќи го стравот, и што е поважно, стекнува пријател. А пријател стекнува и во ликот на Душан, симпатијата на Милица, откако Јован ја надминува лутината кон Милица и почнуваат да другаруваат почесто: „Порано, кога ќе ја видев Милица во близина на Душан, веднаш ме фаќаше бес. Но, не и овој пат. Напротив, ми дојде некако убаво во срцето. – Па јас имам пријатели! – помислив. Дојдов до нив и ги гушнав. Тие ме гушнаа мене. И така одевме низ целиот двор и се киневме од смеење“ (Петровиќ 2022: 58).

Во последниот дел од романот (второ полугодие од петто одделение), младите читатели се среќаваат со еден поинаков Јован. Новостекнатите пријателства, поддршката на учителката и соучениците за неговото пишување и пофалбите за истото, сето тоа придонесува за растењето на Јован, кој својата веќе богата колекции од копчиња, која брои 925 оригинали и 16 дупликати копчиња, решава да ѝ ја подари на својата мајка. Таа, пак, користејќи ја својата креативност, на копчињата кои во еден тежок период од животот му помогнаа на нејзиното болесно дете, им прави монументален споменик: „Веќе почна да прави вистинско уметничко дело. Тато и јас ѝ помагаме, придржуваме, подаваме,

лепиме, сечеме, поправаме... Мама повторно си игра. Вели дека со помош на копчињата ќе го прикаже нашето семејство. Тоа ќе биде нешто откачено. Едвај чекам да заврши. Отворањето на изложбата е закажано за наесен. Мило ми е за мама и за копчињата“ (Петровиќ 2022: 74-75).

Неговата самодоверба го поттикнува отворено да им признае дека компјутерот не му работи затоа што го полеал со сок, и да побара нов компјутер, а за да го надомести пропуштеното по математика и да си ја поправи двојката, родителите му нашле и наставничка која била поразлична од Милица, но со која одлично ќе се согласуваат: „Кај неа сѐ е многу помирно. Можеби затоа што е постара. Олга оди во гимназија.... Олга останува кај мене често и по часовите. Разговараме за сѐ и сешто. Ми рече дека сум многу зрел за мои години“ (Петровиќ 2022: 71). Пријателството со Милица и понатаму трае, а на него Јован го посветува расказот „Драг спомен“, кој ѝ остава голем впечаток на Милица, зашто говори за нивното пријателство кое ќе трае засекогаш: „Кога заврши со читање, Милица ништо не рече. Само го стави листот хартија на градите и така го држеше. Ако ме прашате мене, не мораше ништо ни да каже. Јас знаев дека ѝ се допадна мојот подарок. И тоа многу“ (Петровиќ 2022: 71). Значењето на нивното пријателство особено се согледува во секвенцата: „Мама вели дека Милица ме извлекла од потиштеност, а нејзината мајка вели дека јас сум ја извлекол Милица од депресија. Тоа ти е една иста работа, само што мајка ѝ на Милица поубаво се изразила“ (Петровиќ 2022: 69), што уште еднаш го потврдува фактот дека важен извор на емоционална поддршка за време на сложениот премин од детството во зрелоста е зголемената (и квантитативна и квалитативна) поврзаност на адолесцентот со врсниците. Врсничката група е извор на приврзаност, наклонетост, разбирање и морално водство, место за експериментирање и место за постигнување автономија и независност од родителите. Тоа е место за постигнување интимни врски кои служат како „тест“ за интимни врски во зрелоста (Car 2013).

Јован сфаќа дека сите тие познанства (Милица, Душан, Кобра, Олга) му помогнале во еден многу тежк период од неговиот живот, кога се плашел од болеста:

> „А што се однесува до мене, престанав да се тресам како онаа ноќ кога сфатив што е церебрална парализа. Сега умеам да препознаам кога е тажен, кога среќен, кога се плашам, а кога сум лут. Всушност, знам уште нешто, знам што е тоа љубов! Тоа е

едно прекрасно чувство кога ништо не ти е тешко, дури ни математика, и кога сѐ ти е убаво, дури и кога ќе се погледнеш во огледалото!“ (Петровиќ 2022: 75).

Неговата радост и восхит кон/од животот произлегува од фактот дека се изборил со проблемите кои го мачеле, како болеста, недостатокот на пријатели, отсуството на љубов кон девојче и слично: „Ако го сонувам сево ова, тогаш тоа е убав сон. А ако го живеам ова, тогаш тоа е убав живот. Мој живот“ (Петровиќ 2022: 75). Наспроти реченицата од почетокот на романот, пред читателот се спушта завеса во светли и оптимистични тонови: „Некои луѓе баш имаат среќа! Еве на пример, јас“ (Петровиќ 2022: 75).

ЗАКЛУЧОК

Во делото „За копчето и за среќата“ од Јасмина Петровиќ, авторката на исклучително интересен и симболичен начин го отвора прашањето за суштината на среќата и нејзината вистинска природа. Копчето, како симбол на нешто мало и привидно незначително, всушност носи длабока порака за тоа како малите работи во животот можат да добијат огромно значење доколку се поврзани со љубов, спомени и лични приказни.

На крајот, заклучокот што се изведува од ова дело е дека среќата не се мери со материјални добра, туку со вредностите кои ги носиме во себе и во односите со другите. Авторката потсетува дека луѓето честопати ја бараат среќата во големи и грандиозни нешта, додека таа се крие во секојдневните моменти, во малите знаци на внимание, во топлината на семејството и пријателите. Секојдневните мали радости, како насмевка, прегратка илидобар збор, се тие што вистински ја исполнуваат душата и прават да се чувствуваме среќни.

Со користење на едноставен, но длабоко симболичен предмет како што е копчето, Петровиќ ја нагласува важноста на благодарноста, прифаќањето и љубовта кон животот, но истовремено и со борбата со секојдневните предизвици кои ќе се испречат во него. Тоа го прави преку приказната која дедо му на Јован му ја раскажал, а на која ќе се присети во кризните моменти. Приказната за жабата која паднала во кофа со млеко, и нејзиното непомирување со настанатата ситуација, туку напротив, со борбата да излезе од кофата, ќе го поттикне Јован да излезе од депресијата која го опфаќа и да преземе конкретни акции со кои ќе промени нешто. Ова дело остава впечаток и мотивира да ги преиспитаме нашите приоритети, потсетувајќи нѐ дека среќата е прашање на перспектива

– нешто што го градиме со нашите мисли, чувства и постапки, а не нешто што се купува или поседува.

ЛИТЕРАТУРА


1. Barber, Bonnie L., and Jacquelynne S. Eccles. "Long-term influence of divorce and single parenting on adolescent family-and work-related values, behaviors, and aspirations." *Psychological Bulletin* 111, no. 1 (1992): 108. https://www.researchgate.net/profile/Jacquelynne-Eccles/publication/21616811, 19.11.2023
2. Barrett, David E. "The three stages of adolescence." *The High School Journal* 79, no. 4 (1996): 333-339.https://www.jstor.org/stable/40364502, 02.11.2023
3. Berndt, Thomas J. "The features and effects of friendship in early adolescence." *Child development* (1982): 1447-1460.https://www.jstor.org/stable/1130071, 04.11.2023
4. Canam, Connie. "Coping with feelings: chronically ill children and their families." *Canadian Journal of Nursing Research Archive* (1987): 9-22.
5. ***Car, Sandra, Adolescencija 21. stoljeća: društvena uvjetovanost, temeljne karakteristike i pedagoški izazovi, Pedagogijska istraživanja, Vol. 10 No. 2, 2013, Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu Odsjek za pedagogiju, https://hrcak.srce.hr/clanak/191595, 23.05.2025***
6. Chen, Henian, Patricia Cohen, Stephanie Kasen, Jeffrey G. Johnson, Kathy Berenson, and Kathy Gordon. "Impact of adolescent mental disorders and physical illnesses on quality of life 17 years later." *Archives of pediatrics & adolescent medicine* 160, no. 1 (2006): 93-99. doi:10.1001/archpedi.160.1.93, 22.05.2025
7. Constant, Helen,The image of grandparents in children's literature. *Language Arts*, *54*(1), 33-40, 1977. https://www.jstor.org/stable/41404475?seq=1#page_scan_tab_contents, 22.01.2019
8. Eagly, Alice H., and Shelly Chaiken. *The psychology of attitudes*. Harcourt brace Jovanovich college publishers, 1993.
9. Edwards, Todd C., Donald L. Patrick, and Tari D. Topolski. "Quality of life of adolescents with perceived disabilities." *Journal of pediatric psychology* 28, no. 4 (2003): 233-241. DOI: 10.1093/jpepsy/jsg011, https://academic.oup.com/jpepsy/article-abstract/28/4/233/942605?redirectedFrom=PDF, 15.05.2025
10. Field, Tiffany. "Romantic breakups, heartbreak and bereavement—Romantic breakups." *Psychology* 2, no. 04 (2011): 382. https://www.scirp.org/html/6296.html, 01.12.2023
11. Glew, Gwen, Fred Rivara, and Chris Feudtner. "Bullying: Children hurting children." *Pediatrics in Review* 21, no. 6 (2000): 183-190. http://oldsite.ohioaap.org/wp-content/uploads/2016/06/BullyingChildrenHurting-Children.pdf, 19.05.2025
12. Hill, John P., and Wendy J. Palmquist. "Social cognition and social relations in early adolescence." *International Journal of Behavioral Development* 1, no. 1 (1978): 1-36.
13. Law, Mary, Steven Hanna, Dana Anaby, Marilyn Kertoy, Gillian King, and Liqin Xu. "Health-related quality of life of children with physical disabilities: a longitudinal study." *BMC pediatrics* 14 (2014): 1-10. https://link.springer.com/content/pdf/10.1186/1471-2431-14-26.pdf, 16.05.2025
14. McDougall, Janette, David J. DeWit, Gillian King, Linda T. Miller, and Steve Killip. "High School-Aged Youths' Attitudes Toward their Peers with Disabilities: the role of school and student interpersonal Factors." *International Journal of Disability, Development and Education* 51, no. 3 (2004): 287-313.
15. Miller-Lachmann, Lyn. "Beyond Pity." *ALAN Review* (2014): 84. https://scholar.lib.vt.edu/ejournals/ALAN/v41n3/pdf/miller-lachmann.pdf, 17.05.2025
16. Montgomery, Marilyn J., and Gwendolyn T. Sorell. "Love and dating experience in early and middle adolescence: Grade and gender comparisons." *Journal of adolescence* 21, no. 6 (1998): 677-689. https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0140197198901889, 03.11.2023
17. Muhammed Yusuf, Grandparents As Educators: A study of Socio-Cultural and Religion perspectives, *Procedia –Social and Behavioral Sciences*, 140, 2014, p.337-342. https://www.researchgate.net/publication/270846296_Grandparents_as_Educators_A_Study_of_Socio-cultural_and_Religion_Perspectives
18. Nagy, M, R. '*Sick-lit' popular among youth, raising alarms in literary circles.* CTV News. Пристапено на 22.03.2013, http://www.ctvnews.ca/entertainment/sick-lit-popular-among-youthraising-alarms-in-literary-circles-1.1208032

19. Peterson, Kris. "Supporting dynamic development of youth with disabilities during transition: A guide for families." *Information Brief: Addressing Trends and Developments in Secondary Education and Transition* 3, no. 2 (2004): 1-6. https://citeseerx.ist.psu.edu, 15.05.2025
20. Ruslyakova, Ekaterina, and Irina Lyzlova. "The attitude of a mother to her sick child." *Criar Educação* 6, no. 1 (2017).
21. Smith-D'Arezzo, Wendy M., Diversity in Children's Literature: Not Just a Black and White Issue, *Children's Literature in Education*, March 2003, Volume 34, Issue 1, pp 75–94, https://link.springer.com/article/10.1023/A:1022511917336 , преземено на 30.11.2019
22. Smorti, Martina, Tschiesner, Reinhard, Farneti, Alessandra, Granparents-Grandchildren Relationship, *Procedia – Social and Behavioral Sciences* 46, 2012, p.895-898.
23. Størksen, Ingunn, Espen Røysamb, Turid L. Holmen, and Kristian Tambs. "Adolescent adjustment and well-being: effects of parental divorce and distress." *Scandinavian journal of psychology* 47, no. 1 (2006): 75-84. https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net, 19.11.2023
24. Taylor Dyches, Tina, Prater, Mary Anne. *Characterization of Developmental Disability in Children's Fiction, Education and Training in Developmental Disabilities*, 2005, 40(3), 202-216.
25. Vignes, Céline, Nicola Coley, Hélène Grandjean, Emmanuelle Godeau, and Catherine Arnaud. "Measuring children's attitudes towards peers with disabilities: a review of instruments." *Developmental Medicine & Child Neurology* 50, no. 3 (2008): 182-189.DOI: 10.1111/j.1469-8749.2008.02032.x, 16.05.2025
26. Vignes, Celine, Emmanuelle Godeau, Mariane Sentenac, Nicola Coley, Felix Navarro, Helene Grandjean, and Catherine Arnaud. "Determinants of students' attitudes towards peers with disabilities." *Developmental Medicine & Child Neurology* 51, no. 6 (2009): 473-479. DOI: 10.1111/j.1469-8749.2009.03283.x, 16.05.2025
27. Woodgate, Roberta L., Miriam Gonzalez, Lisa Demczuk, Wanda M. Snow, Sarah Barriage, and Susan Kirk. "How do peers promote social inclusion of children with disabilities? A mixed-methods systematic review." *Disability and rehabilitation* 42, no. 18 (2020): 2553-2579. https://doi.org/10.1080/09638288.2018.1561955, 16.05.2025
28. Zukerman, Naomi, Emily Bottone, Maya Low, and Tatiana Ogourtsova. "Resilience and adolescence-transition in youth with developmental disabilities and their families: a scoping review." *Frontiers in Rehabilitation Sciences* 5 (2024): 1341740.
` file:///C:/Users/User/Downloads/fresc-05-1341740.pdf 15.05.2025
29. Youniss, James, and Denise L. Haynie. "Friendship in adolescence." *Journal of Developmental & Behavioral Pediatrics* 13, no. 1 (1992): 59-66. https://www.researchgate.net/profile/Denise-Haynie/publication/21599931, 03.11.2023
30. Петровиќ, Јасминка, *За копчето и среќата*, Чудна шума, Скопје, 2012.